РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-5
07.04.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** [redacted]

**Предмет: Одговор на Претставка**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38
1000 Скопје**

Почитуван,

Во врска со Вашата Претставка (наш бр. УПП 03/5 од 19.03.2026 г.) во која барате итна реакција и санкционирање за начинот на кој Канал 5 Телевизија „се однесува кон своите гледачи и читатели на социјалните мрежи", Ве известуваме дека Агенцијата внимателно ги разгледа објавените содржини и ги извести управителот и одговорниот уредник на Телевизијата за Претставката, при што им укажа дека ТВ Канал 5 има одговорност за содржината на коментарите објавени на Фејсбук профилот на Телевизијата.

Конкретно им укажа дека треба да ги модерираат навредливите коментари од корисниците на услугата објавени кај дел од содржините, како и дека коментарите од Телевизијата, означени како „Канал 5 Телевизија" во комуникацијата со публиката, треба да го задржат истиот професионален пристап како при обезбедувањето на телевизиската програма.

Во врска со Вашиот втор и-мејл од 03.04.2026, Ве известуваме дека целокупната постапка на Агенцијата е реализирана во законскиот рок за одговарање на претставки од 30 дена.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**